АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ИНФОРМАЦИИ ЗА УПОТРЕБА
# Alkasept Gluconate

Раствор за дезинфекција на раце и на кожа
Подготвен за употреба

**Пред употреба внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за вас.**

## СОСТАВ

100 g **Alkasept Gluconate** содржи:
- активни состојки: хлорхексидин диглуконат 0,6 g и пропан-2-ол 60,0 g и
- помошни состојки: омекнувачи на кожата, боја и мирисна компонента.

## СВОЈСТВА И ДЕЈСТВО

**Alkasept Gluconate** е бистра, светлорозово обоена течност, со освежителен мирис и со pH од 5,0 до 6,5. **Alkasept Gluconate** е антисептик со брзо дејство, кој е погоден за кожата, дури и при повеќекратна употреба во текот на денот. **Alkasept Gluconate** е синергистична комбинација на микробиолошка активност од алкохоли и од хлорхексидин, која обезбедува високо ниво и долготрајно дејство (до 2 часа по изложувањето) на дезинфекција на кожата.

**Alkasept Gluconate** има бактерицидно, туберкулоцидно, вируцидно и фунгицидно дејство.

- **Бактерицид** – вклучувајќи ги и *Staphylococcus aureus, E.hirae*, отпорен на метицилин (MRSA) и *Pseudomonas aeruginosa*.
- **Туберкулоцид** – вклучувајќи го *Mycobacterium terrae.*
- **Вируцид** – вклучувајќи ги и (Polio, Adeno Herpes, Rota, Influenza, HBV, HIV и HCV).
- **Фунгицид** – вклучувајќи го и *Candida albicans*.

| МИКРОБИОЛОШКО ДЕЈСТВО | ТЕСТ-МЕТОД / СТАНДАРД | ВРЕМЕ НА ИЗЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Хигиенска дезинфекција на рацете | EN 1500 | 30 секунди |
| Хируршка дезинфекција на рацете | EN 12791 | 5 минути (2 + 3 минути) |
| Бактерицидно (*S. aureus, P.aeruginosa, E.hirae, MRSA* ) | EN 13727 | 60 секунди |
| Фунгицидно (*C.albicans*) | EN 13624 | 60 секунди |
| Туберкулоцидно (*M. terrae)* | EN 14348 | 60 секунди |
| Вируцидно (*Polio, Adeno Herpes, Rota, Influenza, HBV,HCV.HIV*) | EN 14476 | 60 секунди |

## УПОТРЕБА

**Alkasept Gluconate** е наменет за:
- хигиенска и за хируршка дезинфекција на рацете и за
- дезинфекција на кожата пред медицинска употреба и пред оперативни интервенции

**Alkasept Gluconate** има широка примена во:
- болници и во здравствени установи;
- прехранбена индустрија;
- фармацевтска и козметичка индустрија;
- јавни и приватни установи и во
- домаќинства

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Alkasept Gluconate** е раствор подготвен за употреба, кој се нанесува на суви раце и на сува кожа. Дезинфекцијата се прави со втривање на растворот во кожата на рацете / телото или со помош на влажна подлога, еднаш за хигиенска дезинфекција и двапати за хируршка дезинфекција. Кожата што се дезинфицира треба да биде целосно покриена со раствор, во согласност со потребното време на изложеност дадено во табелата подолу.

| ПРЕДМЕТ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА | ДОЗИРАЊЕ | ВРЕМЕ НА ИЗЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Хигиенска дезинфекција на рацете | 5 ml | 30 секунди / 60 секунди (*MRSA*) |
| | 2 x 5 ml | 60 секунди (туберкулоцидно) |
| Хируршка дезинфекција на рацете | 2 x 5 ml | 5 минути (2 + 3 минути) |
| Дезинфекција на кожата пред медицинска употреба или пред оперативни интервенции | Добро навлажнување | 60 секунди (2-пати) |

## МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Запалива течност – чувајте го производот подалеку од топлина, отворен оган и од топли површини. Предизвикува сериозна иритација на очите. Доколку дојде во контакт со очите, веднаш измијте ги со многу вода и побарајте совет од лекар. Ако се проголта, не предизвикувајте повраќање. Веднаш побарајте совет од лекар и покажете етикета или упатство за употреба од производот.

## НАЧИН НА ЧУВАЊЕ

**Да се чува на места недостапни за деца!**

**Alkasept Gluconate** чувајте го во добро затворена оригинална амбалажа, на суво и на проветрено место, на температура под 35 °C, подалеку од извори на палење, отворен оган и од тела што загреваат. Не изложувајте го на директна сончева светлина.

**РОК НА УПОТРЕБА:** 3 години

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**
**Изглед на Alkasept Gluconate и содржина на пакувањето**
**Alkasept Gluconate** е бистра, светлорозово обоена течност со освежителен мирис.
**Alkasept Gluconate е спакуван во**
- пластично (HDPE) шишенце со содржина од 200 ml, по 12 шишиња во збирна картонска кутија;
- пластично (HDPE) шише со содржина од 500 ml, по 12 шишиња во збирна картонска кутија;
- пластично (HDPE) шише со дозирна пумпица, содржина од 1000 ml, по 12 шишиња во збирна картонска кутија
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 3 l, по 4 канистри во збирна картонска кутија
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 5 l, по 4 канистриво збирна картонска кутија и
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 10 l, по 4 канистри во збирна картонска кутија.

**За информации околу безбедноста при употребата**
**ве молиме користете безбедносен лист.**

**Број и датум на решението за промет:** 19-955/2 од 28.12.2022

**Производител:**
ЖИВАС ООД

бул. „Асен Јорданов“ бр. 14,
1592 Софија, Бугарија
тел.: + 359 2 981 78 23
www.zhivas.com

**Дистрибутер:**
АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. „Александар Македонски“ бр. 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел..: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk